Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 21 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 ноември 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:50 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и Неџмедин Садики, директор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, како и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

**1.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на Заклучокот на Владата, одржана на 12 ноември 2024 година, по Точка 73 (Информација за набавка за „Одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси"), го прифати Предлогот и заклучи истиот да гласи:

- Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства од тековната 2024 година и во наредните 2025, 2026 и 2027 година на Министерството за јавна администрација, за набавка за одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафтени деривати на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Истовремено Владата заклучи:

1) Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да склучи Договор за заем со Јавното сообраќајно претпријатие Скопје за обезбедување на 250 тони нафта за непречено функционирање на истото.

2) Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги надомести трошоците за акциза и данокот на додадена вредност за отстапените количини на нафтени деривати.

**3.** Владата го разгледа Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 21 ноември 2024 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1) Го усвои Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 21 ноември 2024 година.

2) Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија.

3) Периодот на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија е во траење од 30 дена.

4) Да се извести Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

**4.** Владата на Република Северна Македонија на Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 ноември 2024 година по однос на Точка 1 Прашања и предлози, а во врска со Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 21 ноември 2024 година, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија.

2. Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

Одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија не е реализирана.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:55 часот.

| | |
|---|---|
| **Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Хасим Муртезани** | **Љупчо Димовски** |